ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ ВО КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР
# ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ – ДПА

Број 09-228/3 од 2018 година

01 2019 04 06

**Скопје, март 2020**

# С О Д Р Ж И Н А


| | **Страна** |
|---|---|
| Резиме | 1-3 |
| Вовед | 4 |
| Цел на ревизијата | 4 |
| Опфат и методологија | 5 |
| Резултати од ревизијата на следењето на препораките | 6-9 |
| Заклучок | 10 |

Прилог 1 Известување за доставување на дополнителна документација по Нацрт извештајот за извршената ревизија на следење на препораките содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година на Демократска партија на Албанците - ДПА на сметката за редовно работење.

Прилог 2 Одговор на известување на Нацрт извештајот за извршената ревизија на следење на препораките на овластениот државен ревизор.


Кратенки користени во извештајот

ДПА – Демократска партија на Албанците - ДПА

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**ENTI SHTETЁROR I REVIZIONIT**
**STATE AUDIT OFFICE**

**Број:**10-467/1
**Датум:** 23.03.2020

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Државната ревизија, согласно Законот за државната ревизија, опфаќа и давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај.

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност, број 09-228/3 од 04.04.2018 година за 2016 година на Демократска партија на Албанците - ДПА на сметката за редовно работење, согласно Годишна програма за работа за ДЗР за 2019 година.

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Демократска партија на Албанците - ДПА на сметката за редовно работење за 2016 година имаше за цел да даде мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики кај ДПА на сметкатата за редовно работење за 2016 година.

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор се спроведени, како и оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

Овој извештај ги презентира резултатите од извршена ревизија на следење на препораките кај ДПА, дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Во извештајот беа опфатени категории на наоди, по кои се дадени препораки, а кои се однесуваат на усогласеност со закони и прописи и финансиските извештаи.

Со оваа ревизија утврдивме дека од 6 (шест) препораки дадени во Конечниот извештај, 2 (две) препораки (33%) се **спроведени**, 1 (една) препорака (17%) **е спроведена делумно,** 1 (една) препорака (17%) **е во тек** на спроведување и **2** (две) препораки (33%) **не се спроведени.**

Во делот на **усогласеност со закони и прописи** дадена е 1 (една) препорака која е е спроведена, односно ДПА има преземено активности за објавување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за 2016, 2017 и 2018 година.

Во делот на **финансиските извештаи** од дадените пет (5) препораки:

- **спроведена** е 1 (една) препорака, односно овластеното лице на ДПА има донесено Одлука со која е утврден вкупниот број на ограноци, седиштето, како и начинот на нивно користење.

- **делумно спроведена** е една (1) препорака и тоа:
  - извршено е усогласување на сметководствената вредност на постојаните средства со вредноста на изворите на деловните средства и
  - не се презентирани документи/фактури како потврда за евидентираните обврски за извршените услуги и набавени стоки за периодот од 2017 година до денот на известување од извршената ревизија;

- **спроведувањето е во тек** на една препорака, и тоа:
  - донесена е одлука за ангажирање на овластен проценител за проценка на вредноста на материјалните средства и ситниот инвентар, заради отпочнување на активности за спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата со состојба на ден 31 декември;

- **не се спроведени** 2 (две) препораки кои се однесуваат на:
  - преземање мерки и активности за користење на средствата на партијата исклучиво за целите на партијата утврдени со закон, статут или други акти на партијата и обезбедување на соодветна поткрепувачка документација како доказ дека стоките се примени или услугите се извршени,
  - воспоставување на благајничко работење, назначување на лице за располагање со паричните средства во благајна и водење на благајничка евиденција врз основа на уредна, ажурна и веродостојна документација, како и имплементација на донесената одлука.

Статусот на имплементација на препораките и извршената оценка на соодветноста на преземените мерки ни обезбедуваат основа да изразиме заклучок дека субјектот презема активности и мерки за дел од дадените препораки, со што постои потреба од дополнителни активности во наредниот период за целосно спроведување на препораките.

Во насока на целосна реализација на препораките содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор, дадени се насоки за продолжување со активностите за навремена и целосна евиденција на трансакциите врз основа на комплетна и уредна документација, за целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските на крајот на годината, воспоставување на благајничко работење и водење на благајничка евиденција врз основа на уредна, ажурна и веродостојна документација.

Добиено е Известување за доставување на дополнителна документација по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Доставената документација е разгледана од страна на Овластениот државен ревизор и констатираните состојби по истата се обелоденети во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

Согласно стандардите на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ISSAI), спроведувањето на препораките дадени во ревизорските извештаи е последна фаза во процесот на ревизијата. Следењето на препораките е неопходен елемент на одговорноста како на ВРИ така и на носителите на јавни функции во доброто управување со јавните средства и помага во поттикнување на нивната ефективната имплементација.

1.1. Ревизијата на следење на препораките е извршена согласно член 19 и член 23 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година.

1.2. Овој извештај ги презентира резултатите од извршена ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај број 09-228/3 на сметката за редовно работење за 2016 година на Демократска партија на Албанците - ДПА. Во делот 4 - Резултати од ревизијата на следење на препораките од овој извештај даден е детален преглед на резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за спроведување на дадените препораки по конечниот извештај на овластениот државен ревизор на Демократска унија за интеграција за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор е одговорност на раководството на субјектот застапувано од

- Мендух Тачи, претседател на ДПА.

Одговорност на ревизорот е да изврши ревизија на степенот до кој препораките дадени во конечните ревизорски извештаи се спроведени и да донесе заклучок врз база на прибраните докази.

## 2. Цел на ревизијата

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор се спроведени, како и оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

## 3. Опфат и методологија

Ревизијата на следење на препораките е извршена согласно ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ISSAI) и согласно мандатот на државната ревизија во Република Македонија кој опфаќа и давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај.

Изборот на вршење ревизија на следење на препораките кај оваа ревизија беше направен за да се утврди дали сеуште препораките се релевантни.

За време на ревизијата, извршивме испитување на сметководствените евиденции и поткрепувачката документација; спроведовме ревизорски постапки за оцена на усогласеноста со ревизорските стандарди и за оцена на усогласеноста со законските и подзаконски акти; одредивме соодветни постапки во однос на ревизорските цели; направивме интервјуа со лицата со раководна и управна одговорност; извршивме проценки на користените сметководствени принципи како и на важни проценки направени од страна на раководството и дадовме општа оценка на презентираните докази за спроведување на препораките и оценка на конкретни финансиски трансакции.

Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за оцена на степенот и соодветноста на преземените активности и мерки за спроведување на препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 09-28/3 од 2018 година на Демократска партија на Албанците - ДПА.

Ревизијата е спроведена во период од 19.08.2019 до 30.08.2019 година кај Демократска партија на Албанците – ДПА од ревизорскиот тим на Државниот завод за ревизија.

## 4. Резултати од ревизијата на следење на препораките

Прашањата кои ги покрива овој извештај не се дискутирани со претставници на Демократска партија на Албанците – ДПА.

Од страна на одговорното лице за финансиско работење на Демократска партија на Албанците – ДПА добиено е Известување за доставување на дополнителна документација по Нацрт извештајот за извршената ревизија на следење на препораките на содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 09-228/3 од 04.04.2018 година.

Доставената документација во однос на превземените мерки и активности по дадените препораки во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност, како и ефектите од спроведувањето на истите е разгледана од страна на Овластениот државен ревизор и дел од истата е прифатена.

Со ревизијата на следењето на препораките ги утврдивме следните резултати:

**4.1. Препорака во врска со наод 4.1.1.:**

Одговорното лице на партијата да преземе мерки за објавување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај на веб страницата на партијата со цел да се обезбеди податоците да бидат достапни на пошироката јавност.

**Препораката е спроведена**

Во делот на утврдената состојба која се однесува на тоа дека Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за 2016 година не се објавени на веб страната на политичката партијата, утврдивме дека препораката е спроведена. Со извршениот увид во доставената документација и веб страната на ДПА заклучно со денот на известување од извршената ревизија, политичката партија има преземено активности за објавување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за 2016, 2017 и 2018 година, со што се овозможува транспарентност и можноста за пристап до информации од страна на заинтересираните страни.

**4.2. Препорака во врска со наод 4.2.1.:**

Одговорното лице на партијата, во координација со одговорното лице за водење на деловните книги да преземат мерки и активности за:

- усогласување на вредноста на постојаните средства со изворите на деловни средства и
- навремено и целосно евидентирање на обврските во сметководствената евиденција.

**Препораката е делумно спроведена**

Во однос на утврдената состојба за неусогласеноста на вредноста на постојаните средства со изворите на деловни средства како и за нецелосно и ненавремено искажување на обврските во сметководствената евиденција, констатиравме дека препораката е делумно спроведена. Имено, со извршената ревизија ги констатиравме следните состојби:
- извршено е усогласување на сметководствената вредност на постојаните

средства со вредноста на изворите на деловните средства и
- на ревизијата не и се презентирани документи/фактури за превземените обврски прикажани во сметководствената евиденција за извршени услуги и набавени стоки за периодот од 2017 година до денот на известување од извршената ревизија, поради што не бевме во можност да се увериме во целосноста на преземените обврски во наведениот период како и дали истите се соодветно прикажани во финансиските извештаи.

**Насоки за идни активности:**

Одговорното лице за водење на деловните книги евиденцијата на трансакциите и обврските да ја врши навремено и целосно врз основа на комплетна и уредна документација.

**4.3. Препорака во врска со наод 4.2.2.:**

Одговорното лице на партијата да преземе активности за изготвување на:
- акт за бројот и седиштето на ограноците на партијата и
- уредување на начинот на користење на деловниот простор (сопственост/закуп).

**Препораката е спроведена**

Во однос на утврдената состојба во делот на недонесен акт за утврдување на бројот на ограноци на ДПА, нивно седиште и начинот на нивно користење (со или без надомест), констатиравме дека препораката е спроведена. Овластеното лице на ДПА во прилог на Известувањето за доставување на дополнителна документација по Нацрт извештајот има доставено Одлука[1] со која е утврден вкупниот број на ограноци, седиштето, како и начинот на нивно користење.

**4.4. Препорака во врска со наод 4.2.3.:**

Одговорното лице во партијата да преземе активности за соодветно и законско спроведување попис на средствата и изворите на средствата со состојба на ден 31 декември и нивно усогласување со сметководствената состојба.

**Препораката е во тек на спроведување**

Во однос на утврдената состојба која се однесува на тоа дека ДПА нема извршено целосен и комплетен попис на средствата и изворите на средствата за 2016 година, ревизијата не доби на увид документација за начинот на вршење на попис за 2017 и

[1] Одлука за бројот и седиштето на ограноците од 16.05.2018 година.

2018 година, поради што не бевме во можност да го потврдиме постапувањето по дадената препорака.
Во прилог на Известувањето за доставување на дополнителна документација по Нацрт извештајот приложена е Одлука[2] за ангажирање на овластен проценител за проценка на вредноста на материјалните средства и ситниот инвентар, со цел спроведување на активности за усогласување на фактичката со сметководствената состојба на истите.

**Насоки за идни активности:**

Одговорното лице на ДПА да продолжи со отпочнатите активности за целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските на крајот на годината и да изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

**4.5. Препорака во врска со наод 4.2.4.:**

Одговорното лице да преземе мерки и активности за користење на средствата на партијата исклучиво за целите на партијата утврдени со закон, статут или други акти на партијата и обезбедување на соодветна поткрепувачка документација како доказ дека стоките се примени или услугите се извршени.

**Препораката не е спроведена**

Во делот на утврдената состојба која се однесува на извршени исплати без постоење на доказ за извршена услуга или за набавка на стоки, како и исплати од редовната

сметка за изборни активности на ревизијата не и беше доставена поткрепувачка документација, поради што не бевме во можност да го потврдиме постапувањето по дадената препорака.

**Насоки за идни активности:**
Одговорното лице на ДПА во координација со одговорното лице за водење на деловните книги да преземат активности, евидентираните трансакции во деловните книги да бидат поткрепени со комплетна и уредна документација, како и користењето на средствата да биде исклучиво за целите на ДПА утврдени со закон, статут или други акти.

**4.6. Препорака во врска со наод 4.2.5.:**

Одговорното лице на партијата да преземе активности за воспоставување на благајничко работење, назначување на лице за располагање со паричните средства

[2] Одлука за повикување на овластен проценител од 15.12.2019 година

во благајна и водење на благајничка евиденција врз основа на уредна, ажурна и веродостојна документација, како и имплементација на донесената одлука.

**Препораката не е спроведена**

Во однос на утврдената состојба која се однесува на тоа дека ДПА нема преземено активности за воспоставување на благајничко работење, назначување на лице за располагање со паричните средства во благајна и водење на благајничка евиденција, како и потреба од имплементација на одлука за поврат на средства во благајна, ревизијата не доби на увид документација за начинот на располагање со паричните средства во благајна за 2017 и 2018 година, поради што не бевме во можност да го потврдиме постапувањето по дадената препорака. Во прилог на Известувањето за доставување на дополнителна документација по Нацрт извештајот приложена е Одлука за назначување на лице за водење на благајна од 25.08.2018 година.

**Насоки за идни активности:**
Одговорното лице на ДПА во координација со одговорното лице за водење на благајничкото работење да воспостават благајничко работење, како и водење на благајничка евиденција врз основа на уредна, ажурна и веродостојна документација.

## 5. Заклучок

Со оваа ревизија утврдивме дека од 6 (шест) препораки дадени во Конечниот извештај, 2 (две) препораки се спроведени, 1 (една) е спроведена делумно, 1 (една) е во тек на спроведувањеи 2 (две) препораки не се спроведени.
Согласно наведениот статус на имплементација на препораките содржани во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2016 година на ДПА, утврдивме дека е направен одреден напредок, односно политичката партија преземала активности и мерки за спроведување на дел од дадените препораки, со што постои потреба од дополнителни активности во наредниот период за целосно спроведување на препораките.

Исто така, потребно е одговорнте лица на ДПА да преземат понатамошни мерки и активности евиденцијата на трансакциите и обврските да се врши навремено и целосно врз основа на комплетна и уредна документација, целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските на крајот на годината и воспоставување на благајничко работење и водење на благајничка евиденција врз основа на уредна, ажурна и веродостојна документација.